Уп. бр. 08-68

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Ц.Р.Е. Јазамут Лтд., со седиште на адреса ул. Хореш ХаАлоним бр. 12, Рамат Јишај, Израел, преку адвокат Александар Крстески од Скопје, на седницата одржана на ден 22.04.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Ц.Р.Е. Јазамут Лтд., со седиште на адреса ул. Хореш ХаАлоним бр. 12, Рамат Јишај, Израел, ќе стекне контрола над Друштвото за трговија и услуги ПРОБАТ ЕНЕРГИЈА ДОО Скопје, со регистрирано седиште на ул. Франклин Рузвелт бр.1/6, Скопје, Република Северна Македонија, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 31.03.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од Ц.Р.Е. Јазамут Лтд., со седиште на адреса ул. Хореш ХаАлоним бр. 12, Рамат Јишај, Израел, со која Ц.Р.Е. Јазамут Лтд. ќе стекне единствена контрола над ПРОБАТ ЕНЕРГИЈА ДОО Скопје, со регистрирано седиште на ул. Франклин Рузвелт бр.1/6, Скопје, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Главна дејност на Ц.Р.Е. Јазамут Лтд. е развој и претприемништво на проекти надвор од Израел, претежно во енергетскиот сектор, со активности во САД, Република Северна Македонија и Србија. Ц.Р.Е. Јазамут Лтд. во моментов е сопственик на 6 енергетски проекти.

Ц.Р.Е. Јазамут Лтд., нема поврзани правни лица во Република Северна Македонија и нема остварено приходи на македонскиот пазар.

ПРОБАТ ЕНЕРГИЈА ДОО Скопје е друштво со ограничена одговорност чија регистрирана приоритетна дејност е складирање на електрична енергија.

ПРОБАТ ЕНЕРГИЈА ДОО Скопје нема генерирано промет за 2025 година, односно не остварува било каков промет на релевантниот пазар во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Сиљановска Николиќ**